Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп (во натамошниот текст Н.У. Завод и Музеј-Прилеп) е установа која што се занимава со дејноста за заштита на спомениците на културата, како и со музејска како основна дејност. Во рамките на основната дејност ги врши и следните работи:

- ги разгледува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата, предлага донесување прописи и преземање мерки во врска со заштитата на спомениците на културата и сам презема мерки во рамките на својата надлежност;

- ги проучува истражува и со научни методи обработува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата;

- води регистар на спомениците на културата;

- води стручна евиденција и документација за спомениците (положба, степен на загрозеност, мерки на заштита);

-Изработува студии, елаборати, анализи и други студиско-аналитички материјали за заштита на спомениците на културата;

- Изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

- Врши и организира изведба на козерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита на спомениците на културата;

- Врши експертиза, вештачење, ревизија и слични работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

- Донесува решенија за утврдување и губење својство споменик на културата и други поединечни управни акти во прв степен согласно со закон;

- Учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;

- Врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко-заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;

- Издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;

- Врши и други стручни и управни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;

- Систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

- Организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување заради запознавање на граѓаните, со музејскиот материјал и нивното воспитно-образование и културно издигнување;

-Обезбедува услови за користење и за научно и стручно проучување на музејскиот материјал;

- Води влезна книга, книга на инвентар, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

- Врши ревизија на музејскиот материјал;

- Издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;

- Врши и други работи во областа на музејската дејност.

Н.У. Завод и Музеј-Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

1. Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност

2. Издавачка дејност.

Н.У. Завод и Музеј-Прилеп во согласност со Статутот своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата, ја вршат својата дејност.

За 2004 година Н.У. Завод и Музеј-Прилеп до Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со над 50 проекти од кои 24 проекти ги финансираше.

I . Заштита и користење на недвижното културно богатство

1. Проект за конзервација и реставрација на црква Св.Успение Богородичино, манастир Трескавец

Во рамките на активностите на овој проект кои започна уште во 2003 г. кога во соработка со Рударскиот институт од Скопје беше изработена фотограметриска документација на постојната состојба на архитектурата на црквата, трпезаријата и магерницата и тоа во молив за да потоа во Н.У. Завод и Музеј-Прилеп се тушираше и се оформуваше како конечен документ на постојната состојба на архитектурата.
Фотограметриската документација на црквата содржи:

- Основа – 3 ;
- Петта фасада – 1 ;
- Фасади – 4 ;
- Пресеци – 16 ;
- Развиени фасади на куполите – 3 .

Фотограметриската документација на трпезаријата содржи:

- Основа – 1 ;
- Пресеци – 4 .

Фотограметриската документација на магерницата содржи:

- Основа – 1 ;
- Пресеци – 4 .

Досегашните активности со изработката на целосна фотограметриска документација за овој значаен споменик на културата е добра основа за изработка на проект за конзервација на архитектурата и живописот на црквата, трпезаријата и магерницата.



Црква Успение Богородичино, Манастир Трескавец

2. Конструктивна консолидација на Саат Кулата во Прилеп

Саат Кулата во Прилеп е исклучителен значаен споменик на културата како за Прилеп така и за Република Македонија. Тој е единствен од таков вид во нашата земја изграден во 1858 година. Иако архитектонски е во добра состојба сепак она што многу загрижува е нејзиното инклинирање (накривување) на југозападната страна што според последните мерења изнесува 116 цм, што е доста висока бројка што не загрижува не само нас (од Н.У. Завод и Музеј-Прилеп) туку и пошироко. Во текот на оваа година преземени се активности со цел утврдување на причините за инклинирањето. Активностите се состоеа од :

1. Геомеханички истражувања реализирани од специјализирана организација за ваква намена ;
2. Геофизички истражувања реализирани од ИЗИИС-Скопје ;
3. Геодетска оскултација на кулата реализирана од Државниот Завод за геодетски работи –Скопје

Во рамките на геомеханичките истражувања реализирани се следните активности:

- Вертикална истражна дупнатина од 8 м;
- Коси истражни дупнатини – 3 ;
- Истражен бунар ;
- Вертикална истражна дупнатина од 12 м;
- Дополнителна истражна дупнатина.

Во рамките на геофизичките истражувања реализирани се :

- Рефлекциски истражувања на 3 профили со должина од 65 м со геофонски распоред од 5 м и постигната длабочина на истражувањата до 20 м.
- Рефлективни истражувања изведени на 9 профили на длабина од 2-100 метри со цел да се согледаат длабината и условите на изведеното темелење на кулата.

Геодетската оскултација на Саат кулата е реализирана во месец јули 2004 г. и е последна од низата мерења извршени во 1998, 1999, 2000 и 2004 г. Според последното мерење инклинацијата на Саат кулата изнесува 1160 мм.

После извршените истражувачки работи беше формирана комисија која што донесе одлука да се приберат понуди за изработување на Проект за конструктивна консолидација на темелите и темелната подлога на Саат кулата со недеструктивен метод и притоа одлучи да се изработи проект понуден од “Полимеринжект”-

Софија. Исто така комисијата донесе заклучок да се обезбеди мониторинг систем со цел да се следи понатамошната инклинација на кулата во еднакви временски интервали и тоа 3-4 пати годишно



Саат Кулата во Прилеп

3. Ревалоризација на два споменици на културата

Во рамките на активностите беше изработена документација за ревалоризација на спомениците на културата: Саат Кулата и Куршумли Ан во Прилеп.



Куршумли Ан

4. Документирање на постојна состојба на Старата Чаршија во Прилеп

Споменичкиот комплекс Стара Чаршија во Прилеп е урбанистичка целина која што својот најголем подем го има во II половина на XVIII век и почетокот на XIX век, кога Прилеп бил развиен трговски и занаетчиски центар. Денешниот изглед го добива кон крајот на XIX век и почетокот на XX век. Новите општествено-економски услови на живеење предизвикуваат девалвирање на естетските и функционалните специфики на Чаршијата. Од тие причини постојано се документира состојбата на Чаршијата со цел задржување на старата архитектура. За таа цел оваа година е завршено документирањето на состојбата на блоковите А; Б и Ц.



Стара Чаршија во Прилеп

5. Конзервација на архитектурата на црквата Св. Никола, с.Зрзе.

Овој проект во текот на 2004 се реализира со цел да се заокружи конзервацијата на црквата која што се реализираше во неколку фази. Имено оваа година се изврши следните работи: обивање-симнување на малтер од јужната и западната фасада, идентификација на опус на sидарија и обработка на фасадите со фугирање, со што се врати предходната состојба на црквата. Во внатрешноста на црквата се работеше на вадење на подот, обработка на подлогата и поставување на под од кемени плочи. Поставено е осветлување во црквата според предвидените светлечки места. Превентивно е исчистен живописот од западниот sид од наосот од надворешната страна и се исчистија, фиксираа и обработија одредени елементи од живописот. Поради дотраеност на керамидите на црквата беше извршена замена и преработка на целата кровна покривка.



Црквата Св.Никола, с. Зрзе

6. **Сондажни археолошки истражувања и изработка на проект за санација, реставрација и конзервација на Чарши Џамија во Прилеп**.

Во рамките на изработката на проект за санација, реставрација и конзервација на Чарши Џамијата во Прилеп,споменик на културата од 15 век, која што се наоѓа во самото централно градско подрачје т.е. во Старата Чаршија беа извршени археолошки истражувања. Истите беа со цел да се утврди дали под темелите на џамијата, односно габаритот на овој објект постојат остатоци од културни слоеви или градби од периодите пред изградбата на овој објект. За таа цел беа отворени 6 сонди, од кои 4 во внатрешноста на објектот и 2 во непосредна близина на истиот. Во сите сонди е копано на длабочина од 2,20-2,30 метри од површината на теренот односно до нивото каде се појавуваат подземни води. Резултатите од истражувањата покажаа дека се работи за потполно стерилен и компактен слој од влажна глинеста земја измешана со песок. Потврдени се сознанијата дека џамијата имала повеќе градежни фази. Со археолошките истражувања опфатен е целиот габарит кој го зафаќа молидбениот дел, пресекувајќи го и дијагонално за да се фатат остатоци од можни постари градби, но е констатирано дека џамијата не лежи врз никакви остатоци од постари профани? или сакрални градби ниту има било какви движни наоди кои би ни потврдиле постоење на културни слоеви. По добивањето на резултатите следуваше изработка на проектот за санација, реставрација и конзервација од страна на проектанското биро " Перкан проект " со стручен надзор на лица од Н.У. Завод и Музеј-Прилеп и Н.У. Републички завод за заштита на спомениците на културата-Скопје и истиот е во завршна фаза.



Чарши Џамија



Сонда

7. Конзервација на живопис и архитектура на црквата Св. Никола, с.Слепче

Црквата Св. Никола, с.Слепче, е споменик на културата,подигната и живописана во 1672 г. Таа е еднокорабна со упростено архитектонско решение. Целата внатрешност на црквата е живописана и беше во релативно лоша состојба а воедно претставува значаен придонес за сликарството во поствизантискиот период во Македонија. Во овој проект покрај стручни лица од Н.У. Завод и Музеј-Прилеп, беше вклучен и Драган Верговски, сликар-конзерватор од Н.У. Републички завод за заштита на спомениците на културата-Скопје. Паралелно се работеше на санација (инектирање) на архитектурата во внатрешноста која се состоеше во поголеми или помали пукнатини и чистење на живописот од целата површина на црквата која беше во многу лоша состојба. Во процесот на работата се отворија и други важни дополнителни работи кои се состоеја во симнување (вадење) на дел од живописот, обработка на ѕидните површини и површините на фрагментите од живопис и повторно враќање на живописот, што на почетокот од проектот не беше предвидено во целост како зафат. Превентивно конзерваторските работи на живописот во црквата Св.Никола во с. Слепче се реализирани до фаза пред ретуширање. На истиот како следна предвидена фаза.



Црква Св. Никола, с. Слепче

8. Конзервација на архитектурата на црквата Св. Ѓорѓи, с. Слепче

Црквата потекнува од средината на првата половина на 17 век со остаток на релативно мал но добар живопис на источниот и јужниот ѕид. Целта на проектот беше отстранување на деструктивните елементи на црквата и реставрација и конзервација на истата. По симнувањето на кровната покривка и демонтирање на кровната конструкција како и одѕидување на дел од ѕидовите каде нестручно се вршеле интервенции, се отпочна со реконструкција на ѕидните маси, санација и инектирање на површините и зацврстување со скриен армирано бетонски серклаж. Паралелно се обработуваше кровната конструкција која беше зацврстена со армирано бетонси серклаж, а беше обработена и подлога за кровната покривка. Беа извадени и малтерите од јужната и источната фасада каде немаше присуство на живопис и истите покасно беа повторно малтарисани. На крајот од акцијата беше обработен сводот или таваницата во припратата со што црквата во целина со припратата го доби заслуженият третман.



Црква Св. Ѓорѓи, с. Слепче



Иконостас во црква Св. Ѓорѓи

9. Конзервација на архитектура и реконструкција на тремот на црквата Св.Никола, с.Манастир

Активностите на овој проект започнаа со реализација на предвидената прва фаза со превентивно препокривање на црквата со истите ќерамиди и замена на искршените, со превентивно решение за оштетените и раздвоени споеви на бродовите од објектот и примена на поцинкуван лим. По оваа фаза се премина на геотехнички истражувања за тлото на црквата за што беа направени три истражни бунари. Потоа следуваше фаза на отстранување на камените плочи од подот. Со оглед на фактот што постоечката црква од 1266 г. е изградена на темели од постара црква од 1095 г. со самото копање се наиде на гробови но и археолошки предмети што неминовно се наложи потреба од археолошки истражувања. Истите се одвиваа под раководство на Д-р Бранислав Ристески, археолог-стручен соработник од Ј.Н.У. Институт за старословенска култура-Прилеп. Истражувањата беа изведувани по пат на археолошки ископувања во рамките на 5 сонди, распоредени во јужниот и северниот брод на црквата. Истите се изведуваа со механички откопни слоеви со различни длабочини, при тоа беа максимално респектирани стратиграфските сознанија за овој локалитет добиени при археолошките истражувања во периодот од 1990-1996 година во рамките на научноистражувачкиот проект " Културно-ликовно минато на Мариово". Во текот на овие истражувања откриени се голем број на фрагменти од фреско декорација на црквата од 11 век, остатоци од првобитниот под на црквата од 13 век кој го сочинуваат керамички плочки со различни димензии, фрагменти од куњска керамика (грнинја и црепни), гробови од крајот на 11 и 12 век и други од 15 и 16 век. После завршувањето на археолошките истражувања се пристапи кон вградување на темелни армирано бетонски греди под темелите на црквата. Оваа постапка се одвиваше постапно по сонди, по архитектонско истражување, а притоа не нарушувајќи ја статиката на објектот. На подолжните поставени темелни греди под темелите на објектот се поставија и попречни армирано бетонски греди. За овој сложен зафат поради својата обемност и специфичност постојано беа консултирани стручни лица и надвор од нашата институција како од Н.У. Републички завод за заштита на спомениците на културата-Скопје и други.



Црква Св. Никола, с. Манастир



Дел од армирано бетонска греда

10. Конструктивно зајакнување на оградниот ѕид од манастирскиот комплекс Св. Архангел Михаил во Варош-Прилеп

Во текот на оваа година се реализира санација на срушениот дел од оградниот југозападен ѕид. Работите отпочнаа со отварање на сонда и ископ на земјата до нивото на срушениот ѕид, по што се пристапи на профилирање на теренот за уфрлање и поставување на армирано бетонска конструкција на која се изѕида ѕидот од камен. Останатиот дел од конструкцијата која е поставена хоризонтално е затрупана со набиена земја која потискајќи ја презема улогата на контратег со што придонесува за стабилноста на делот од санираниот ѕид. Со овој зафат се спречи можно рушење на ѕидот по кое веројатно би следувало лизгање на теренот врз кој е изграден големиот конак на манастирот Св. Архангел Михаил во Варош.



Црква Св. Архангел Михаил, Варош- ограден ѕид

11. Изработка на архитектонска, фото и дескриптивна документација на рурална архитектура во Мариово

Овој проект овозможува изготвување на фото и видео документација за архитектурата која што одумира опфаќајки ги карактеристичните рурални, станбени, стопански и основните урбани обележја на селата во Мариово и тоа: Кокре, Манастир, Живово, Витолиште, Крушевица, Кален, Дуње, Пештани, Вепрчани, Бешиште, Полчиште, Врпско и Гудјаково.

Изготвената фотодокументација и видео запис ќе се обработат, класифицираат и систематизираат за на крајот од овој проект се комплетираат со планираната дескриптивна и техничка документација.



Селски амбар

12. Истражување, конзервација и реставрација на две депоа графички листови-бакрорези од црквите Св.Благовештение и Св.Димитрија, Варош од Прилеп

Прилепската збирка на графички листови се смета за една од најбогатите (после грчката) како по уметничката вредност така и според иконографските претстави. Според досегашните истражувања присутни се дела на познатите мајстори Захариe Орфелин и Тома Сидер Пенто. Во 2004 г. Министерството за култура започна да го финансира овој проект и во соработка со конзерваторската лабораторија на НУБ Климент Охридски-Скопје беа конзервирани и реставрирани 19 графички листови. Притоа сакам да напоменам дека истите се во доста лоша состојба со видливи механички и биолошки оштетувања а кај голем дел од нив е започнат и процесот на распаѓање на хартијата. Се надеваме дека оваа исклучително значајна збирка и во ваков број единствена во Република Македонија и понатаму ќе биде дел од проектите финансирани од Министерството за култура за да потоа биде презентирана пред поширокаата јавност во Република Македонија и надвор од неа.





Графички листови-бакрорези

13. Санациони зафати на Меморијалниот музеј “Кузман Јосифоски-Питу”

Во 2004 г. се одбележува 60 години од загинувањето на Народниот херој Кузман Јосифоски-Питу. Поради зголемените активности по повод овој јубилеј потребно беше да се санира овој меморијален музеј воедно и споменик на културата. За таа цел беа извршени следните зафати:

- санирање на патеките во дворот на објектите;
- санирање на оградниот ѕид околу објектот;
- прередување на керамиди на кровната конструкција на помошните објекти;
- заштитен премаз со садолин на дрвените елементи на објектот и помошните простории;
- варосување на оградните ѕидови;
- други поситни санациони зафати.



Меморијален музеј “ Кузман Јосифоски-Питу”



14. Санација на Паркот на Револуцијата

По повод одбележувањето на 60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и преземената акција на Министерството за култура за санирање на објектите од НОБ, беше извршена мала санација на овој значаен споменик на културата, Паркот на револуцијата со Алејата на Народните херои од Прилеп. Притоа се презедоа следните активности:

- чистење на белиот мермер од графити;
- лепење на мермерните плочи постаментите на бистите на Народните херои;
- замена на елементи од бетонските скалници;
- косење на тревата на поголема површина а пред се во Алејата на Народните херои;
- уредување на патеките и сл.



Могила на Непобедените




Алеја на Народните херои

15. Изработка на илустративна документација на фрескоживописот и архитектурата на црквата Св. Никола, с. Манастир, Мариово- III фаза

Со трета фаза која е завршна од проектот за работата на терен завршени се следните работи:

- комплетно снимање (мерење на сите композиции од фрескоживописот во горните зони од црквата;
- завршено е снимање (мерење) за фрескоживописот од сводот кој датира од последна фаза од XIX век;
- комплетно завршување на мерење на фасадите на црквата;
- мерење исцртување на сите карактеристични детали од живописот: натписи, облека (драперија), портрети;
- комплетно фотографско снимање на живописот по композиции и посебно детали;
- фотографирање на фасадите како и детали од истите посебно источната фасада која е богата со керамопластична декорација.



Фрескоживопис-цртеж

16. Планиран и непланиран увид на културното наследство за донесување и издавање решенија за прогласување споменици на културата

На територијата на општина Прилеп и општините што произлегоа од неа Витолиште, Долнени, Кривогаштани и Тополчани се наоѓаат голем број на евидентирани споменици на културата кои од разни причини не го добиле својството регистриран споменик на културата. Од тие причини со овој проект се има за цел да се направи увид во некои од евидентираните споменици и оние кои го заслужуваат тоа да се прогласат за регистрирани споменици на културата. За таа цел беше направен увид во поголем број на цркви (евидентирани споменици) и притоа беше констатирано дека дел од нив ги поседуваат сите својства за прогласување на регистрирани споменици на културата како што се:

1. Црквата Св.Никола, с.Манастир;
2. Црквата Св.Архангел Михаил, с.Кокре;
3. Црквата Св.Параскева, с. Живово.

17. Евиденција на недвижно и движно културно наследство

Во рамките на овој проект кој што се извршува во повеќе фази се врши евиденција и реевиденција на културното наследство од Прилеп и прилепско при тоа беа посетени голем број на цркви и манастири и беа евидентирани или реевидентирани голем број на икони, црковни книги, друг црковен материјал (предмети), .Со оглед на фактот што во последно време и црквите се “посетени” од лоши намерници ,ние нас како на установа задолжена за заштита на културното наследство ни е задача истото да го правиме.При тоа да напоменам дека од она што го имаме како евидентирани споменици на културата (икони) во досегашните наши активности не е забележано да недостасуваат некои од нив.

II. Музејска дејност

1. Археолошки истражувања на локалитетот “ Стибера “, с. Чепигово

Античкиот град Стибера има континуирано живеење од 3 век п.н.е. до 3 век од н.е. Од досегашните истражувања се дознава дека Стибера е утврден град во кој покрај другите објекти се наоѓа храмот посветен на болницата Тихе, заштитница на градот и гимназионот (училиште за вежбање на младите ефеби момчиња). Овогодишните истражувања се одвиваа според планот за истражувањето и истите се одвиваа на просторот западно од Хероонот-салата и светилиштето. За таа цел беше поставена сонда, односно надолжен откоп во правец С-Ј, од надворешната страна на западниот ѕид на Хероонот и делот пред влезот во полукружната екседра, во должина 20 м С-Ј и 4 м И-З, со ископувањето на овој дел беа откриени остатоци од две паднати лачни конструкции изведени од тули и дебели фуги од варов малтер. Непосредно пред влезот на екседрата, јужно од срушената лачна конструкција се наиде на слој од светло сива земја помешана со пепел, парчиња од кровни тегули, ситни животински коски и фрагменти од керамички садови од подоцнежниот римски период. Околу срушените лачни конструкции-арките најдени се неколку мермерни споменици и тоа: статуа на Меркур, плинта со остатоци од стапала, статуа на возрасен маж и мермерен блок со натпис. Статуата на Меркур е изработена во бел мермер, а и недостасуваат дел од кружното постоље, делови од нозете и рацете, како и главата. Плинтата, односно постољето со осмоаголна форма на која се сочувани две човечки стапала со сандали, до висина на глуждовите е со големина од висина 10 цм, должина 57 цм и ширина од 36 цм. Мермерната машка статуа е најдена во средниот дел на откопот, легната на левиот бок. Статуата е облечена во долга туника со димензии: висина 140 цм и ширина 69 цм. Во негова непосредна близина најден е натпис, вклесан на мермерен правоаголен блок, изведен во 6 реда грчки алфабет. Истиот е со димензии 102 x 35 x 25 cm. Од натписот дознавме дека името на ликот на машката статуа е Септимиј Местриј Ликонт, виден и заслужен граѓанин. Покрај овие наоди на мермерна пластика, со овогодишните ископувања откриени се и мермерен архитектонски елемент и мермерна статуа на воин-император.

Архитектонскиот елемент се претпоставува дека бил вграден како капител со димензии 43x42x23 cm, истиот е украсен со профилирани S спирали и перниче изведено од претстава на листови од борова шишарка. Мермерната статуа е воин-

император, облечен во кожен оклоп и украсен со ремења и токи околу појасот. На статуата и недостасуваат двете нозе од колена надолу, двете раце од кои левата цела а десната од лактот надолу и главата. Нејзината димензија е 133 цм на 59 цм. Покрај предходните наоди при ова истражување се најдени и поголеми и помали фрагменти од фино измазнет малтер, керамички фрагменти на садови од куќна керамика, фрагменти од фини керамички садови (шољи и мегарски чаши) и др. Целокупниот движен материјал пронајден на овој локалитет упатува на заклучокот дека овој локалитет крие несомнено огромно културно наследство пред се мермерни скулптури како ретко каде во Република Македонија но и пошироко.



Локалитет “Стибера”, с. Чепигово

2. Нова археолошка поставка

По повод одбележувањето на 50 годишнината од постоењето на Народен Музеј-Прилеп во 2005 година, уште во почетокот на 2004 година ги започнавме подготовките за реализација на овој проект кој бараше вклучување на повеќе стручни лица од нашата установа пред се заради осмислување на новата археолошка поставка, која треба да ги опфати периодите на праисторија, антика и среден век, а пред се во дефинирање на осветлувањето и витрините, како и обработка на експонатите кои ќе бидат изложени. За таа цел беа направени проекти за електриката, климатизацијата и алармни уреди. Сите предходни наведени проекти се во фаза на реализација.

Во досегашните активности се реализира:


- вадење на стариот под;
- рушење на ѕидовите заради проширување на салата;
- санација на кровната конструкција;
- прередување на керамидите;
- поставување на бетонска кошулица во салата;
- поставување на 4 армирано бетонски столбови и носачи;
- реализација на електричната инсталација за осветлувањето и климатизацијата и алармните уреди и ПП заштита;
- изработка и поставување на вертикални и хоризонтални канали за климатизација;
- обложување на ѕидовите, столбовите и таванот со гипс картон;
- корнење на подот и бетонирање на истиот во салонот со гипс картон;
- затворање на прозорците;
- други работи кои беа неопходни за реализирање на проектот.





3. Изложба “ 90 години од раѓањето на Аче”

По повод 90 години од раѓањето на ликовниот уметник Ѓорѓи Ачески-Аче на 29.04.2004 година беше организирана изложба на која беа изложени 34 дела на уметникот. Неговиот опус од околу 3000 цртежи (насекаде во Македонија и во земјите на Балканот), несомнено ја наложи потребата да му се оддолжиме на личноста и безмерниот труд на овој наш сограѓанин кој животот и го предположи на единствената и најтрајна љубов-уметноста. Покрај изложбата беше подготвена и презентирана видео проекција за уметникот која се состоеше од презентирање на голем број фотографии на уметникот и преку 100 негови цртежи. Изложбата наиде на извонреден прием кај публиката.





Ѓорѓи Ачески-Аче

4. Прилеп низ фотографии

Во рамките на овој проект на 22.12.2004 година беше организирана изложба “Тутунот низ мака и убавина” на која беа презентирани 47 фотографии за Прилеп а посебно поврзани со обработката на тутунот, како и за историјата на тутунот. Истата беше организирана во соработка со ЈНУ “Институт за тутун”-Прилеп кој оваа година одбележи 80 години од своето постоење.



5. Едукативен проект “ Нашето минато “

Овој проект беше реализиран во соработка со основното училиште “ Гоце Делчев”-Прилеп, односно со 28 ученици под раководство на професорот по историја Величе Лесноска. Од страна на Н.У. Завод и Музеј-Прилеп беа вклучени поголем број на стручни лица. Во рамките на овој проект од страна на учениците беа посетени, а притоа од стручните лица на Н.У. Завод и Музеј-Прилеп извршија педагошко-водишна служба во : Етнолошката изложба “Од етнолошките збирки”, Галеријата на икони, Црквата Св. Благовештение-Прилеп, Св. Никола, Св. Димитрија и манастирот Св. Архангел Михаил во Варош, Прилеп, Паркот на Револуцијата и меморијалните музеи “11 ти Октомври 1941” и “Кузман Јосифоски-Питу”. Во завршниот дел на проектот се постави изложба на дела создадени од учесниците во проектот и тоа 17 цртежи, 24 фотографии и 8 реферати врз основа на впечатоците кои учениците ги стекнаа за време на посетите во претходно наведените објекти. Преку печатените и електронски медиуми овој проект беше презентиран во јавноста, а од страна на НТВ Прилеп беше подготвена и емитувана получасовна емисија.





Проект “ Нашето Минато”

III. Издавачка дејност

1.“ Кузман Јосифоски-Питу- низ текст и фотографии”
Автор: Благоја Талески, виш кустос историчар


По повод 60 години од загинувањето на Народниот херој Кузман Јосифоски-Питу , 60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, и 60 години од ослободувањето на Прилеп излезе од печат оваа ретко убава публикација посветена на Народниот херој. Книгата е поделена на три дела. Првиот дел содржи текст и фотографии за животот и делото на Кузман Јосифоски-Питу како и за револуционерното семејство Јосифоски. Вториот дел содржи текст и фотографии за родната куќа на Кузман Јосифоски-Питу, денес меморијален музеј како и опис на историската и етнолошката поставка во истиот. Третиот дел содржи текст и фотографии на спомен-обележјата на кои што се споменува Кузман Јосифоски-Питу како во родниот Прилеп така и низ повеќе населени места и градови низ Република Македонија. Книгата првично беше напечатена во тираж од 500 примероци но поради големиот интерес од јавноста истата се допечати во дополнителен тираж од 300 примероци. Промоцијата на истата беше извршена на 11 Октомври 2004 г. во Меморијалниот музеј “Кузман Јосифоски-Питу” и на истата присуствуваше министерот за култура на Република Македонија, господинот Благоја Стефановски.



2. Цртежи на фрески и архитектура на црквата Св. Никола, Варош

Автор: Благоја Атанасоски, советник конзерватор, историчар на уметност

Ваквиот вид на публикација е второ по ред на авторот по она од 2002 г. цртежи на фрески Св.Никола, с. Слепче. Оваа публикација е од редок тип и нестандардизиран формат со димензии 35х28 цм, со текстови на македонски и англиски јазик и истата изобилува со цртежи на богатата фреско декорација на црквата како и архитектурата на овој значаен споменик на културата изграден и живописан во 1298 година. Напечатена е во тираж од 691 примерок, а нејзината промоција дополнително ќе биде одржана.



Фрескоживопис-цртеж

IV Извршени увиди

Во текот на оваа година извршени се повеќе увиди на состојба на споменици на културата, други цркви и манастири, археолошки локалитети, увиди по барање на Министерството за економија за давање на концесија за експлоатација на мермер, гранит и друг украсен камен, увиди по барање на МВР и други граѓани како и увиди што произлегуваат од природата на нашата работа. За таа цел извршени се следните увиди:

1. Увид на локалитет во атарот на село Плетвар.
2. Увид во месноста Преслап во атарот на село Горно Село.
3. Увид на лок. "Пештерица" кај с. Оревоец.
4. Увид на локалитет " Сурун" кај селата Дупјачани и Горно Село.
5. Увид на локалитетот " Баба " Прилеп.
6. Увид во месноста "Могила" во атарот на селата Ракле и Никодин.
7. Увид на состојба на црквата Св. Морена, с. Боротино.
8. Увид на состојбата на црквата Успение на пресвета Богородица с. Бела Црква.
9. Увид на состојбата на црквата Успение Богородичино, Трескавец.
10. Увид на состојбата на родната куќа на Блаже Конески.
11. Увид на состојба на црквата Св. Никола, с. Манастир.
12. Увид на состојба на археолошкиот локалитет Стибера, с. Чепигово.

V Педагошко водичка служба

Во Н.У. Завод и Музеј-Прилеп покрај другото се обавува и педагошко водичка служба. Истата се изведува во објектите во надлежност на нашата установа и тоа:

1. Меморијален музеј "11 Октомври 1941"
2. Меморијален музеј " Кузман Јосифоски-Питу"
3. Паркот на Револуцијата
4. Галерија на икони
5. Постојано археолошка поставка
6. Музеј за тутун

Покрај во предходно наведените објекти педагошко водичка служба беше обавувано и по спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Сите предходно наведени објекти како и постојаните и повремените изложби беа посетени од голем број на посетители како поединечно така и во групи. Посетите редовно беа изведувани со одржување на историски часови или презентирање на поставката. Посебно би сакал да ја истакнам редовната посетеност од страна на основните и средните училишта.

VI Вонпрограмски активности

Н.У. Завод и Музеј – Прилеп во текот на 2004 година имаше голем број на активности кои беа надвор од програмата финансирани од Министерството за култура но сепак беа реализирани со заложбите на вработените на оваа установа како и во соработка со останати установи, невладини организации и разни друштва. Овие проекти беа организирани по разни поводи како годишнини на значајни настани и личности, денови на европското културно наследство и слично.

1. Археолошки истражувања на локалитетот "Ридот" с. Мажучиште

Истражувањето беше финансирано од страна на Друштво за експлоатација и преработка на гранит и мермер "Корика" Д.О.О. од Прилеп по извршениот увид од страна на стручна екипа на Н.У. Завод и Музеј-Прилеп, кога беше собран археолошки материјал од керамика, камени орудија и друго што укажуваат на населба на овој простор која опстојува континуирано од праисторија до антика, целта на овие истражувања беше да се утврди видот и организацијата на населбата и нејзината хоризонтална и вертикална стратиграфија. Истражена е површина од 80 м² по системот на мали откопи со издвојување на наодите и затворените целини. Откриена е градба со ѕидови градени од аморфни камења поврзани со кал и дебелина од 50 до 70 цм. Во една од просториите најдени се 2 скоро целосно сочувани питоси и фрагменти од садови за чување на зрнеста храна, тегови користени при ткаење, метални предмети (бакарни медицински алатки и накит и железни орудија) и повеќе земјени и камени орудија. Пронајдени се и две бакарни монети ковани за време на македонскиот крал Филип V и раритетен земјен печат со посвета на богот Дионис. Според првичните анализи на овој материјал се работи за градба со најстара фаза во праисторијата, која повторно е подигната за време на македонската античка држава во II половина на III век п.н.е. Стручна екипа континуирано ја следи работата на друштвото, на чии сопственици им е наложено доколку се наиде на остатоци од материјална култура веднаш да ги стопира понатамошните зафати и да ја информира Н.У. Завод и Музеј – Прилеп.



Локалитет “Ридот”, с. Мажучиште

2. Изложба “Македонија-Русија”

На 19.03.2004 година, во соработка на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп и Друштвото за македонско-руско пријателство од Прилеп а по повод 10 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Руската федерација ја организиравме оваа изложба подготвена од страна на Државниот архив на РМ. Изложбата ја сочинуваатоколу 100 архивски документи, фотографии и карти донесени од руските архиви, а се однесуваат на вековните борби на македонскиот народ за докажување на својата посебност, јазик, култура и црква како и местото и улогата на Русија во овие процеси и настани.



3. Изложба “Од етнолошките збирки”

По повод одбележувањето на меѓународниот ден на музеите 18 Мај беше подготвена оваа изложба од страна на вработените на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп. Истата имаше за цел пред поширокатa јавност да презентира музејски предмети од повеќе збирки на нашата установа. За оваа пригода беа презентирани: Збирката од керамика; Збирката од метал; Збирката од накит; Збирката од дрво; Збирката на предмети од фотографскиот занает. Истата наиде на добар прием кај учениците од основното и средното образование.




4. Изложба “Словенечките апостоли Св. Кирил и Методиј”

Во соработка на нашата установа со музејот на град Скопје на 08.12.2004 година, според православниот календар Св.Климент, патрониот празник на Македонската православна црква (Св.Климентова црква) беше отворена оваа мошне убава изложба која се состоеше од голем број на фотографии, карти, текстови за животот и делото на словенечките браќа, создавачите на првото словенско писмо. Беа презентирани дела создавани во нивна чест почнувајќи од времето на нивното живеење во IX век па се до XX век. Сакајќи да ја збогатиме оваа изложба на истата беа изложени и архиерејското одејание (облека), митра (капа) и патерица (бастун) од поглаварот на Македонската православна црква во периодот од 1981-1986 година, г-н, г-н Ангелариј, чии што предмети ги поклони на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп, неговата фамилија.

Истите предизвикаа голем интерес во јавноста. По затворањето на оваа изложба истите ќе бидат дел од експонатите на Галеријата на икони во нашиот град.



Архиерејско одејание на Г-дин Г-дин Ангеларија



5. **Изработка на елаборат за прогласување на споменик на културата "Спомен дом на Блаже Конески" во с. Небрегово**

Од страна на стручна екипа на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп подготвен е предлог за прогласување на родната куќа на Блаже Конески за споменик на културата, по кој предлог од страна на Н.У. Републички завод за заштита на спомениците на културата-Скопје беше донесено решение за прогласување на родната куќа на Блаже Конески, творецот на современиот македонски јазик, првиот претседател на МАНУ, добитник на многу награди и признанија, за споменик на културата. По оваа наша активност следуваше изработка на урбанистички проект за конструктивно зајакнување, статичка и сеизмичка пресметка со арматури и кофражи изработен од проектанско биро "Генико"-Прилеп, во кој проект ние активно учествувавме како и со свои мислења учествувавме во проектот за ентериерното уредување на самиот спомен дом Блаже Конески во с. Небрегово.



Родната куќа на Блаже Конески

6. Видео презентација “Спомениците на културата во Прилеп и прилепско”

По повод европските денови на културното наследство што во Република Македонија се одржа во месец септември, Н.У. Завод и Музеј – Прилеп за прв пат самостојно подготви видео материјал презентирајќи ги спомениците на културата од Прилеп и прилепско.На оваа презентација одржана на 30.09.2004 година, видео материјалот во должина од 30 минути го презентира културното наследство од нашиот крај, неговата архитектура, живопис, археолошките локалитети и најзначајните обележја на градот Прилеп: Маркови кули, Старата Чаршија, Саат кулата, Меморијалните музеи, Паркот на Револуцијата и друго. Материјалот на повеќе пати беше презентиран од страна на НТВ Прилеп и истиот наиде на добар прием кај јавноста. Овој наш пионерски чекор влева надеж дека во иднина ваков материјал ќе можеме да подготвуваме поединечно за секој споменик на културата пропратено со повеќе информации за истиот.

VI Заеднички служби

Правно административно одделение

Во рамките на ова одделение беа извршени следните работи и работни задачи:

- водење на правна заштита на спомениците на културата;
- учество во комисија за прогласување и губење својство на споменик на културата;
- изготвување на мислења, одлуки и решенија за потрбите на службите и установата;
- изготвување на договори за работа со надворешни лица;
- учество на симпозиуми и јавни дебати на одредени теми;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на одделението.

Библиотека

Во 2004 година како и секоја година, во библиотеката на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2004 година ново набавени се 40 книги, 18 списанија и 1 речник и при тоа изготвени се 175 каталожни картончиња на книгите и 1477 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 35 книги во издание на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена. За потребите на вработените вршени се и други работи и работни задачи како:

- пишување на текстови, писма, извештаи и друго;
- компјутерска обработка на податоци и слично;
- подготовка на каталози, покани и слично;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

Фотолабораторија

Последниве две години во Н.У. Завод и Музеј – Прилеп се практикува за секој проект да се изработува фотодокументација и посебно видео документација што секако е нешто ново во однос на предходните години. За потребите на стручните лица вршени се следните работи и работни задачи:

- изработка на фотодокументација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на изложбите и промоциите;
- изработка на материјалот за видео проекцијата "Спомениците на културата во Прилеп и прилепско";
- изработка на фотодокументација за Предлогот за прогласување на родната куќа на Блаже Конески за Споменик на културата;
- изготвување на покани и каталози за изложбите и промоциите;
- учество при увид на стручна екипа;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на фотолабораторијата.

Архива и Народна Одбрана

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2004 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2004 година на Н.У. Завод и Музеј Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО –Прилеп.Раководејќи се по планот беше водена архивата и деловодниот протокол.Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи.Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

Финансиско книговодствена служба

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи ,планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

*

Според се она што беше кажано досега можеме да заклучиме дека Н.У. Завод и Музеј – Прилеп ги реализира во целост проектите финансирани од страна на Министерството за култура. Покрај тоа Н.У. Завод и Музеј –Прилеп организираше и реализира голем број на проекти кои што не произлегоа од Програмата за заштита на културното наследство или од Програмата за музејска дејност ,а произлегуваат од Правилникот за распоредување на работи и работни задачи со опис и попис на работите и работни задачи ,Статутот на Н.У. Завод и Музеј – Прилеп,Законот за заштита на спомениците на културата ,Законот за музејска дејност како и Законот за култура како и проекти во соработка со други културни установи од Р.Македонија, разни друштва, невладини организации и други субјекти и поединци.

ДИРЕКТОР

Рубинчо Белчески